# Службен гласник
## на Општина Валандово

Број 05 04.06.2025, среда

www.valandovo.gov.mk


**С О Д Р Ж И Н А**


**Совет на Општина Валандово:**

**1.Решение** за објавување на Одлука за субвенционирање на семејства кои имаат ученик запишан во прва година во СОУ „Гоце Делчев" Валандово во учебната 2025/2026 година........................................................................... 2

**2.Одлука** за субвенционирање на семејства кои имаат ученик запишан во прва година во СОУ „Гоце Делчев" Валандово во учебната 2025/2026 година........................... 2

**3.Решение** за објавување на Одлука за одобрување финансиска поддршка на Здружение за подобрување на квалитетот на животот во МЗ Пирава за реализација на активности........................................................................... 3

**4.Одлука** за одобрување финансиска поддршка на Здружение за подобрување на квалитетот на животот во МЗ Пирава за реализација на активности................................ 3

**5.Решение** за објавување на Одлука за финансиска поддршка за покривање на трошоци на 32-от меѓународен фестивал пролетни веселби „ХИД БАХ ШЕН ФЕСТ" - Чалакли, Валандово............................................................ 3

**6.Одлука** за финансиска поддршка за покривање на трошоци на 32-от меѓународен фестивал пролетни веселби „ХИД БАХ ШЕН ФЕСТ" - Чалакли, Валандово...................... 3

**7.Решение** за објавување на Одлука за одобрување на финансиска помош за реализација на програмски активности на Фудбалската федерација на Македонија - Општински фудбалски сојуз Валандово...............................4

**8.Одлука** за одобрување на финансиска помош за реализација на програмски активности на Фудбалската федерација на Македонија - Општински фудбалски сојуз Валандово........................................................................... 4

**9.Решение** за објавување на Одлука за одобрување финансиска поддршка на Здружение за развој на култура, спортот, уметноста и заштита на животната средина „Валандовска Бојмија" за реализација на програмски активности........................................................................... 4

**10.Одлука** за одобрување финансиска поддршка на Здружение за развој на култура, спортот, уметноста и заштита на животната средина „Валандовска Бојмија" за реализација на програмски активности............................... 5

**11.Решение** за објавување на Одлука за одобрување на финансиска помош за реализација на програмски активности на Фудбалски клуб „Младост - МФКУ" Удово.... 5

**12.Одлука** за одобрување на финансиска помош за реализација на програмски активности на Фудбалски клуб „Младост - МФКУ" Удово....................................................... 5

**13.Решение** за објавување на Одлука за донесување на Нацрт Детален урбанистички план за Урбана единица 1, Блок 1.2, КО Валандово, Општина Валандово..................... 6

**14.Одлука** за донесување на Нацрт Детален урбанистички план за Урбана единица 1, Блок 1.2, КО Валандово, Општина Валандово........................................................... 6

**15.Решение** за објавување на Заклучок за усвојување на Квартален извештај за извршување на Буџетот на Општина Валандово за извештајниот период (кумулативно) за квартал 01.01.2025 година до 31.03.2025 година……………………............................................................ 6

**16.Заклучок** за усвојување на Квартален извештај за извршување на Буџетот на Општина Валандово за извештајниот период (кумулативно) за квартал 01.01.2025 година до 31.03.2025 година……………………................ 6

**17.Решение** за објавување на Заклучок за давање согласност на Квартален Финансиски извештај за работењето на ЈП „Комунален сервис“ Валандово за периодот од 01.01.2025 до 31.03.2025 година…………….. 6
**18.Заклучок** за давање согласност на Квартален Финансиски извештај за работењето на ЈП „Комунален сервис“ Валандово за периодот од 01.01.2025 до 31.03.2025 година……........................................................................ 7
**19.Решение** за објавување на Заклучок за давање согласност на Годишен план за вработување на ООУ „Јосип Броз Тито” Валандово за 2026 година……………………… 7
**20.Заклучок** за давање согласност на Годишен план за вработување на ООУ „Јосип Броз Тито” Валандово за 2026 година……………………………………........................... 7
**21.Решение** за објавување на Заклучок за давање согласност на Годишен план за вработување на ООУ „Страшо Пинџур” с.Јосифово, Валандово за 2026 година.. 7
**22.Заклучок** за давање согласност на Годишен план за вработување на ООУ „Страшо Пинџур” с.Јосифово, Валандово за 2026 година……………………................... 8
**23.Решение** за објавување на Заклучок за давање согласност на Годишен план за вработување на СОУ „Гоце Делчев” Валандово за 2026 година……………................... 8
**24.Заклучок** за давање согласност на Годишен план за вработување на СОУ „Гоце Делчев” Валандово за 2026 година……........................................................................ 8
**25.Решение** за објавување на Програма за дополнување на Програмата за урбанистичко планирање на Општина Валандово за 2025 година……………………….............. 8
**26.Програма** за дополнување на Програмата за урбанистичко планирање на Општина Валандово за 2025 година………………………………………………................ 8

---

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/2002 и „Службен весник на РСМ“ бр.202/2024 ) и член 50 став 3, во врска со член 37, став 1 од Статутот на Општина Валандово, Градоначалникот на Општина Валандово, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**за објавување на Одлука за субвенционирање на семејства кои имаат ученик запишан во прва година во СОУ „Гоце Делчев" Валандово во учебната 2025/2026 година**

**СЕ ОБЈАВУВА** Одлука за субвенционирање на семејства кои имаат ученик запишан во прва година во СОУ „Гоце Делчев" Валандово во учебната 2025/2026 година, што Советот на Општина Валандово ја донесе на четириесет и шестата редовна седница, одржана на ден 30.05.2025 година.

| | |
|---|---|
| Бр.09-759/7 | Градоначалник |
| 02.06.2025 год. | на Општина Валандово |
| Валандово | Перо Костадинов |

---

Врз основа на член 22 став 1 точка 7 и 8, член 62 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/2002 и „Службен весник на РСМ“ бр.202/24), член 21 став 1 точка 11, член 45 и член 47 став 1 од Статутот на Општина Валандово, Советот на Општина Валандово на четириесет и шестата редовна седница, одржана на ден 30.05.2025 година, донесе

**О Д Л У К А**

**за субвенционирање на семејства кои имаат ученик запишан во прва година во СОУ „Гоце Делчев” Валандово во учебната 2025/2026 година**

**Член 1**

Со оваа Одлука се утврдуваат правото и условите на субвенционирање на семејства кои имаат ученик запишан во прва година во СОУ "Гоце Делчев" Валандово во учебната 2025/2026 година, од Буџетот на Општина Валандово, во нето износ од 10.000,00 денари, по ученик.

**Член 2**

Право на субвенција за семејствата кои имаат ученик запишан во прва година во СОУ „Гоце Делчев" Валандово имаат родителите/старателите на сите ученици запишани во прва година, за прв пат во средното општинско училиште, во учебната 2025/2026 година.

**Член 3**

За остварување на правото на субвенционирање на семејствата кои имаат ученик запишан во прва година, се поднесува Барање до Општина Валандово, во период од 02.06.2025 година до 30.09.2025 година.

Со Барањето за остварување на правото на субвенција на семејствата кои имаат ученик запишан во прва година се приложуваат следните документи:

- Потврда за запишан ученик во прва година за прв пат, во учебната 2025/2026 година издадена и заверена од Средното општинско училиште „Гоце Делчев” Валандово;

- Фотокопија од важечки лични карти или патни исправи од родителите/старателите на ученикот;

- Извод од матична книга на родените за ученикот;

- Фотокопија од трансакциска сметка на еден од родителите/старателите.

**Член 4**

За основаност на Барањето поднесено од страна на родителот/старателот одлучува Комисија составена од 3 до 5 члена, која ја формира Градоначалникот на Општина Валандово.

**Член 5**

Одлуката за субвенционирање на семејства кои имаат ученик запишан во прва година во СОУ „Гоце

Делчев" Валандово, врз основа на приложената документација ја спроведува Градоначалникот на Општина Валандово со поединечен управен акт - Решение.

**Член 6**

Средствата за оваа намена ќе се издвојуваат од Буџетот на Општина Валандово од:

- Програма АО – Совет на општина Валандово, потставка 464990 - други трансфери.

**Член 7**

Оваа Одлука стапува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Валандово".

Бр.08-75/7 Совет на Општина Валандово
30.05.2025 год. Претседател
Валандово Владимир Марков

---

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ" бр.5/2002 и „Службен весник на РСМ" бр.202/2024 ) и член 50 став 3, во врска со член 37, став 1 од Статутот на Општина Валандово, Градоначалникот на Општина Валандово, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**за објавување на Одлука за одобрување финансиска поддршка на Здружение за подобрување на квалитетот на животот во МЗ Пирава за реализација на активности**

**СЕ ОБЈАВУВА** Одлука за одобрување финансиска поддршка на Здружение за подобрување на квалитетот на животот во МЗ Пирава за реализација на активности, што Советот на Општина Валандово ја донесе на четириесет и шестата редовна седница, одржана на ден 30.05.2025 година.

Бр.09-759/8 Градоначалник
02.06.2025 год. на Општина Валандово
Валандово Перо Костадинов

---

Врз основа на член 62 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002 и "Службен весник на РСМ" бр.202/2024), и член 45 и член 47 став 1 од Статутот на Општина Валандово, Советот на Општина Валандово, на четириесет и шестата редовна седница одржана на ден 30.05.2025 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за одобрување финансиска поддршка на Здружение за подобрување на квалитетот на животот во МЗ Пирава за реализација на активности**

**Член 1**

Со оваа Одлука од Буџетот на Општина Валандово, се одобруваат средства во износ од 15.000,00 денари, финансиска поддршка на Здружението за подобрување на квалитетот на животот во МЕСНА ЗАЕДНИЦА ПИРАВА, с.Пирава, Валандово за реализирање на културен настан по повод 6-ти мај – Ѓурѓовден за реализација на активности.

**Член 2**

Исплатата на средствата да се изврши од програма К4 - културни манифестации и творештво, подставка 464990 - други трансфери, на сметка на Здружението за подобрување на квалитетот на животот во МЕСНА ЗАЕДНИЦА ПИРАВА, с.Пирава, Валандово со ЕДБ 4003017503131.

**Член 3**

Корисникот е должен, одобрените средства, наменски да ги употреби и за истите во рок од 15 дена од нивната реализација да достави финансиски извештај со фотокопија од документацијата за намената за која се искористени.

**Член 4**

Оваа Одлука влегува во сила од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Валандово".

Бр.08-75/8 Совет на Општина Валандово
30.05.2025 год. Претседател
Валандово Владимир Марков

---

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ" бр.5/2002 и „Службен весник на РСМ" бр.202/2024 ) и член 50 став 3, во врска со член 37, став 1 од Статутот на Општина Валандово, Градоначалникот на Општина Валандово, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**за објавување на Одлука за финансиска поддршка за покривање на трошоци на 32-от меѓународен фестивал пролетни веселби „ХИД БАХ ШЕН ФЕСТ" - Чалакли, Валандово**

**СЕ ОБЈАВУВА** Одлука за финансиска поддршка за покривање на трошоци на 32-от меѓународен фестивал пролетни веселби „ХИД БАХ ШЕН ФЕСТ" - Чалакли, Валандово, што Советот на Општина Валандово ја донесе на четириесет и шестата редовна седница, одржана на ден 30.05.2025 година.

Бр.09-759/9 Градоначалник
02.06.2025 год. на Општина Валандово
Валандово Перо Костадинов

---

Врз основа на член 62 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ" бр.5/2002 и „Службен весник на РСМ" бр.202/24) и член 45 и член 47 став 1 од Статутот на Општина Валандово, Советот на Општина Валандово, на четириесет и шестата редовна седница одржана на ден 30.05.2025 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за финансиска поддршка за покривање на трошоци на 32-от меѓународен фестивал пролетни веселби „ХИД БАХ ШЕН ФЕСТ“ – Чалакли, Валандово**

**Член 1**

Со оваа Одлука од Буџетот на Општина Валандово, се одобруваат средства во износ од 220.000,00 денари, финансиска поддршка на организаторот на Меѓународниот фестивал пролетни веселби „ХИД БАХ ШЕН ФЕСТ“ – Чалакли, Валандово за покривање на трошоците на 32-от меѓународен фестивал пролетни веселби „ХИД БАХ ШЕН ФЕСТ“ – Чалакли, Валандово.

**Член 2**

Исплатата на средствата да се изврши од програма К4 - културни манифестации и творештво, подставка 464990 - други трансфери, на сметка бр.200000020568454 депонент Стопанска Банка АД Скопје, на име на организаторот Здружение Фестивал пролетни веселби ХИД БАХ ШЕН ФЕСТ – Чалакли, Валандово со ЕДБ 4003994102226.

**Член 3**

Корисникот е должен, одобрените средства, наменски да ги употреби и за истите во рок од 15 дена од нивната реализација да достави финансиски извештај со фотокопија од документацијата за намената за која се искористени.

**Член 4**

Оваа Одлука влегува во сила од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Валандово“.

Бр.08-75/9 Совет на Општина Валандово
30.05.2025 год. Претседател
Валандово Владимир Марков

---

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/2002 и „Службен весник на РСМ“ бр.202/2024 ) и член 50 став 3, во врска со член 37, став 1 од Статутот на Општина Валандово, Градоначалникот на Општина Валандово, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**за објавување на Одлука за одобрување на финансиска помош за реализација на програмски активности на Фудбалската федерација на Македонија – Општински фудбалски сојуз Валандово**

**СЕ ОБЈАВУВА** Одлука за одобрување на финансиска помош за реализација на програмски активности на Фудбалската федерација на Македонија - Општински фудбалски сојуз Валандово, што Советот на Општина Валандово ја донесе на четириесет и шестата редовна седница, одржана на ден 30.05.2025 година.

Бр.09-759/10 Градоначалник
02.06.2025 год. на Општина Валандово
Валандово Перо Костадинов

---

Врз основа на член 62 од Законот за локалната самоуправа (“Службен весник на РМ” бр.5/2002 и “Службен весник на РСМ” бр.202/2024), и член 45 и член 47 став 1 од Статутот на Општина Валандово, Советот на Општина Валандово, на четириесет и шестата редовна седница одржана на ден 30.05.2025 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за одобрување на финансиска помош за реализација на програмски активности на Фудбалска федерација на Македонија – Општински фудбалски сојуз Валандово**

**Член 1**

Со оваа Одлука од Буџетот на Општина Валандово, се одобруваат средства во износ од 30.000,00 денари, на Фудбалска федерација на Македонија – Општински фудбалски сојуз Валандово, за реализација на програмски активности.

**Член 2**

Исплатата на средствата да се изврши од програма АО-Совет на општина, подставка 463110 - трансфери до здруженија на граѓани и фондации, на сметка на Фудбалска федерација на Македонија – Општински фудбалски сојуз Валандово број 210040831560120 депонент НЛБ Банка АД Скопје.

**Член 3**

Корисникот е должен, одобрените средства, наменски да ги употреби и за истите во рок од 15 дена од нивната реализација да достави финансиски извештај со фотокопија од документацијата за намената за која се искористени.

**Член 4**

Оваа Одлука влегува во сила од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Валандово“.

Бр.08-75/10 Совет на Општина Валандово
30.05.2025 год. Претседател
Валандово Владимир Марков

---

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/2002 и „Службен весник на РСМ“ бр.202/2024 ) и член 50 став 3, во врска со член 37, став 1 од Статутот на Општина Валандово, Градоначалникот на Општина Валандово, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**за објавување на Одлука за одобрување финансиска поддршка на Здружение за развој на култура, спортот, уметноста и заштита на животната средина „Валандовска Бојмија" за реализација на програмски активности**

**СЕ ОБЈАВУВА** Одлука за одобрување финансиска поддршка на Здружение за развој на култура, спортот, уметноста и заштита на животната средина „Валандовска Бојмија" за реализација на програмски активности, што Советот на Општина Валандово ја донесе на четириесет и шестата редовна седница, одржана на ден 30.05.2025 година.

Бр.09-759/11 Градоначалник
02.06.2025 год. на Општина Валандово
Валандово Перо Костадинов

Врз основа на член 62 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002 и "Службен весник на РСМ" бр.202/2024), и член 45 и член 47 став 1 од Статутот на Општина Валандово, Советот на Општина Валандово, на четириесет и шестата редовна седница одржана на ден 30.05.2025 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за одобрување финансиска поддршка на Здружение за развој на културата, спортот, уметноста и заштита на животната средина „Валандовска Бојмија"**
**за реализација на програмски активности**

**Член 1**

Со оваа Одлука од Буџетот на Општина Валандово, се одобруваат средства во нето износ од 90.000 денари, финансиска поддршка на Здружение за развој на културата, спортот, уметноста и заштита на животната средина „Валандовска Бојмија" за реализација на програмски активности.

**Член 2**

Исплатата на одобрените средства да се изврши од програма АО-Совет на општина, подставка 463110 – трансфери до здруженија на граѓани и фондации, на сметка на корисникот со ЕДБ 4043023535268, бр. 240630118294456 депонент Уни Банка АД Скопје;

**Член 3**

Оваа Одлука влегува во сила од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Валандово".

Бр.08-75/11 Совет на Општина Валандово
30.05.2025 год. Претседател
Валандово Владимир Марков

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ" бр.5/2002 и „Службен весник на РСМ" бр.202/2024 ) и член 50 став 3, во врска со член 37, став 1 од Статутот на Општина Валандово, Градоначалникот на Општина Валандово, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**за објавување на Одлука за одобрување на финансиска помош за реализација на програмски активности на Фудбалски клуб „Младост - МФКУ" Удово**

**СЕ ОБЈАВУВА** Одлука за одобрување на финансиска помош за реализација на програмски активности на Фудбалски клуб „Младост - МФКУ" Удово, што Советот на Општина Валандово ја донесе на четириесет и шестата редовна седница, одржана на ден 30.05.2025 година.

Бр.09-759/12 Градоначалник
02.06.2025 год. на Општина Валандово
Валандово Перо Костадинов

Врз основа на член 62 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002 и "Службен весник на РСМ" бр.202/2024), и член 45 и член 47 став 1 од Статутот на Општина Валандово, Советот на Општина Валандово, на четириесет и шестата редовна седница одржана на ден 30.05.2025 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за одобрување на финансиска помош за реализација на програмски активности на Фудбалски клуб „Младост - МФКУ" Удово**

**Член 1**

Со оваа Одлука од Буџетот на Општина Валандово, се одобруваат средства во износ од 15.000,00 денари, на Фудбалски клуб „Младост - МФКУ" Удово, за реализација на програмски активности.

**Член 2**

Исплатата на средствата да се изврши од програма АО-Совет на општина, подставка 463120 трансфери до спортски клубови, на сметка на Фудбалски клуб „Младост - МФКУ" Удово број 200002983247505 депонент Стопанска банка АД Скопје.

**Член 3**

Корисникот е должен, одобрените средства, наменски да ги употреби и за истите во рок од 15 дена од нивната реализација да достави финансиски извештај со фотокопија од документацијата за намената за која се искористени.

**Член 4**

Оваа Одлука влегува во сила од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Валандово".

Бр.08-75/12 Совет на Општина Валандово
30.05.2025 год. Претседател
Валандово Владимир Марков

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/2002 и „Службен весник на РСМ“ бр.202/2024 ) и член 50 став 3, во врска со член 37, став 1 од Статутот на Општина Валандово, Градоначалникот на Општина Валандово, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**за објавување на Одлука за донесување на Нацрт Детален урбанистички план за Урбана единица 1, Блок 1.2, КО Валандово, Општина Валандово**

**СЕ ОБЈАВУВА** Одлука за донесување на Нацрт Детален урбанистички план за Урбана единица 1, Блок 1.2, КО Валандово, Општина Валандово, што Советот на Општина Валандово ја донесе на четириесет и шестата редовна седница, одржана на ден 30.05.2025 година.

| | |
|---|---|
| Бр.09-759/13 | Градоначалник |
| 02.06.2025 год. | на Општина Валандово |
| Валандово | Перо Костадинов |

Врз основа член 27 став 4 од Законот за урбанистичко планирање (“Службен весник на РСМ” бр.32/20,111/23, и 171/24), член 62 од Законот за локалната самоуправа (“Службен весник на РМ” бр. 5/2002” и „Службен весник на РСМ“ бр.202/24) и член 21 став 1, точка 7 и член 45 и 47 став 1 од Статутот на Општина Валандово, Советот на Општина Валандово на четириесет и шестата редовна седница, одржана на ден 30.05.2025 година, донесе:

**О Д Л У К А**
**за донесување на Нацрт Детален урбанистички план за Урбана единица 1, Блок 1.2, КО Валандово, Општина Валандово**

**Член 1**

Со оваа Одлука се утврдува Нацрт Детален урбанистички план за Урбана единица 1, Блок 1.2, КО Валандово, Општина Валандово со технички број 102/2024 од Мај 2025 година изработен од Институт за урбанизам, сообраќај и екологија ИН-ПУМА ДОО Скопје.

**Член 2**

Се задолжува Градоначалникот на Општина Валандово, да постапи согласно член 27 став 5 од Законот за урбанистичко планирање (“Службен весник на РСМ” бр.32/20,111/23, и 171/24).

**Член 3**

Одлуката влегува во сила од денот на објавувањето во “Службен гласник на Општина Валандово”.

| | |
|---|---|
| Бр.08-75/13 | Совет на Општина Валандово |
| 30.05.2025 год. | Претседател |
| Валандово | Владимир Марков |

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/2002 и „Службен весник на РСМ“ бр.202/2024 ) и член 50 став 3, во врска со член 37, став 1 од Статутот на Општина Валандово, Градоначалникот на Општина Валандово, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**за објавување на Заклучок за усвојување на Квартален извештај за извршување на Буџетот на Општина Валандово за извештајниот период (кумулативно) за квартал 01.01.2025 година до 31.03.2025 година**

**СЕ ОБЈАВУВА** Заклучок за давање согласност на Квартален извештај за извршување на Буџетот на Општина Валандово за извештајниот период (кумулативно) за квартал 01.01.2025 година до 31.03.2025 година, што Советот на Општина Валандово го донесе на четириесет и шестата редовна седница, одржана на ден 30.05.2025 година.

| | |
|---|---|
| Бр.09-759/2 | Градоначалник |
| 02.06.2025 год. | на Општина Валандово |
| Валандово | Перо Костадинов |

Врз основа на член 62 од Законот за локалната самоуправа (“Службен весник на РМ” бр.5/2002 и “Службен весник на РСМ” бр.202/2024), член 45 и член 48 став 1 од Статутот на Општина Валандово, Советот на Општина Валандово, на четириесет и шестата редовна седница, одржана на ден 30.05.2025 година, донесе

**З А К Л У Ч О К**
**за усвојување на Кварталниот извештај за извршување на Буџетот на општина Валандово за извештајниот период (кумулативно) за квартал 01.01.2025 година до 31.03.2025 година**

1. **СЕ УСВОЈУВА** Кварталниот извештај за извршување на Буџетот на Општина Валандово за извештајниот период (кумулативно) за квартал 01.01.2025 година до 31.03.2025 година, на вкупно остварени приходи од 74.292.138 денари односно 21,00 % од планираните приходи и на извршени расходи од 71.674.399 денари, односно 20,00 % од планираните расходи.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Валандово“.

| | |
|---|---|
| Бр.08-75/2 | Совет на Општина Валандово |
| 30.05.2025 год. | Претседател |
| Валандово | Владимир Марков |

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/2002 и „Службен весник на РСМ“ бр.202/2024 ) и член 50 став 3, во врска со член 37, став 1 од Статутот на Општина

Валандово, Градоначалникот на Општина Валандово, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**за објавување на Заклучок за давање согласност на Квартален Финансиски извештај за работењето на ЈП „Комунален сервис“ Валандово за периодот од 01.01.2025 до 31.03.2025 година**

**СЕ ОБЈАВУВА** Заклучок за давање согласност на Квартален Финансиски извештај за работењето на ЈП „Комунален сервис“ Валандово за периодот од 01.01.2025 до 31.03.2025 година, што Советот на Општина Валандово го донесе на четириесет и шестата редовна седница, одржана на ден 30.05.2025 година.

Бр.09-759/3 Градоначалник
02.06.2025 год. на Општина Валандово
Валандово Перо Костадинов

Врз основа на член 11 став 1 точка 7 од Законот за Јавните претпријатија („Службен весник на РМ” бр.38/1996, 9/1997, 6/2002, 40/2003, 49/2006, 22/2007, 83/2009, 97/10, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18, 35/19 и „Службен весник на РСМ” 275/19, 83/22, 274/22 и 208/24), член 62 од Законот за локалната самоуправа „Службен весник на РМ” бр.5/2002 и „Службен весник на РСМ”) и член 21 став 1 точка 31, член 45 и член 48 став 1 од Статутот на Општина Валандово, Советот на четириесет и шестата редовна седница, одржана на ден 30.05.2025 година, донесе

**З А К Л У Ч О К**
**за давање согласност на Финансискиот извештај за работењето на ЈП „Комунален сервис“ Валандово за периодот од 01.01.2025 година до 31.03.2025 година**

1. **СЕ ДАВА СОГЛАСНОСТ** на Финансискиот извештај за работењето на ЈП „Комунален сервис“ Валандово за периодот од 01.01.2025 година до 31.03.2025 година, кој Управниот одбор на ЈП „Комунален сервис“ Валандово го има усвоено со Одлука бр.02-301/3 од 22.04.2025 година.

2. Заклучокот влегува во сила од денот на објавување во „Службен гласник на Општина Валандово“.

Бр.08-75/3 Совет на Општина Валандово
30.05.2025 год. Претседател
Валандово Владимир Марков

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/2002 и „Службен весник на РСМ“ бр.202/2024 ) и член 50 став 3, во врска со член 37, став 1 од Статутот на Општина Валандово, Градоначалникот на Општина Валандово, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**за објавување на Заклучок за давање согласност на Годишен план за вработување на ООУ „Јосип Броз Тито” Валандово за 2026 година**

**СЕ ОБЈАВУВА** Заклучок за давање согласност на Годишен план за вработување на ООУ „Јосип Броз Тито” Валандово за 2026 година;, што Советот на Општина Валандово го донесе на четириесет и шестата редовна седница, одржана на ден 30.05.2025 година.

Бр.09-759/4 Совет на Општина Валандово
02.06.2025 год. Претседател
Валандово Владимир Марков

Врз основа на член 20-б од Законот за вработените во јавниот сектор („Службен весник на РМ“ бр.27/14, 199/14, 27/16, 35/18, 198/18 и Службен весник на РСМ“ бр.143/19, 14/20 и 208/24), член 62 од Законот за локалната самоуправа (“Службен весник на РМ” бр.5/2002 и „Службен весник на РСМ“ бр.202/24) и член 45 и 48, став 1 од Статутот на Општина Валандово, Советот на Општина Валандово, на четириесет и шестата редовна седница одржана на ден 30.05.2025 година, донесе

**З А К Л У Ч О К**
**за давање согласност на Годишниот план за вработување на Општинското основно училиште „Јосип Броз Тито“ Валандово за 2026 година**

**1. СЕ ДАВА СОГЛАСНОСТ** на Годишниот план за вработување на Општинското основно училиште „Јосип Броз Тито“ Валандово за 2026 година, бр.0102-131/2 од 11.04.2025 година.

**2.** Заклучокот влегува во сила од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Валандово“.

Бр.08-75/4 Совет на Општина Валандово
30.05.2025 год. Претседател
Валандово Владимир Марков

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/2002 и „Службен весник на РСМ“ бр.202/2024 ) и член 50 став 3, во врска со член 37, став 1 од Статутот на Општина Валандово, Градоначалникот на Општина Валандово, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**за објавување на Заклучок за давање согласност на Годишен план за вработување на ООУ „Страшо Пинџур” с.Јосифово, Валандово за 2026 година**

**СЕ ОБЈАВУВА** Заклучок за давање согласност на Годишен план за вработување на ООУ „Страшо Пинџур”

с.Јосифово, Валандово за 2026 година;, што Советот на Општина Валандово го донесе на четириесет и шестата редовна седница, одржана на ден 30.05.2025 година.

Бр.09-759/5 Градоначалник
02.06.2025 год. на Општина Валандово
Валандово Перо Костадинов

Врз основа на член 20-б од Законот за вработените во јавниот сектор („Службен весник на РМ“ бр.27/14, 199/14, 27/16, 35/18, 198/18 и Службен весник на РСМ“ бр.143/19, 14/20 и 208/24), член 62 од Законот за локалната самоуправа (“Службен весник на РМ” бр.5/2002 и „Службен весник на РСМ“ бр.202/24) и член 45 и 48, став 1 од Статутот на Општина Валандово, Советот на Општина Валандово, на четириесет и шестата редовна седница одржана на ден 30.05.2025 година, донесе

**З А К Л У Ч О К**
**за давање согласност на Годишниот план за вработување на Општинското основно училиште „Страшо Пинџур“ Јосифово за 2026 година**

**1. СЕ ДАВА СОГЛАСНОСТ** на Годишниот план за вработување на Општинското основно училиште „Страшо Пинџур“ Јосифово за 2026 година, бр.0102-119/1 од 30.04.2025 година.

**2.** Заклучокот влегува во сила од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Валандово“.

Бр.08-75/5 Совет на Општина Валандово
30.05.2025 год. Претседател
Валандово Владимир Марков

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/2002 и „Службен весник на РСМ“ бр.202/2024 ) и член 50 став 3, во врска со член 37, став 1 од Статутот на Општина Валандово, Градоначалникот на Општина Валандово, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**за објавување на Заклучок за давање согласност на Годишен план за вработување на СОУ „Гоце Делчев” Валандово за 2026 година**

**СЕ ОБЈАВУВА** Заклучок за давање согласност на Годишен план за вработување на СОУ „Гоце Делчев” Валандово за 2026 година, што Советот на Општина Валандово го донесе на четириесет и шестата редовна седница, одржана на ден 30.05.2025 година.

Бр.09-759/6 Градоначалник
02.06.2025 год. на Општина Валандово
Валандово Перо Костадинов

Врз основа на член 20-б од Законот за вработените во јавниот сектор („Службен весник на РМ“ бр.27/14, 199/14, 27/16, 35/18, 198/18 и Службен весник на РСМ“ бр.143/19, 14/20 и 208/24), член 62 од Законот за локалната самоуправа (“Службен весник на РМ” бр.5/2002 и „Службен весник на РСМ“ бр.202/24) и член 45 и 48, став 1 од Статутот на Општина Валандово, Советот на Општина Валандово, на четириесет и шестата редовна седница одржана на ден 30.05.2025 година, донесе

**З А К Л У Ч О К**
**за давање согласност на Годишниот план за вработување на Средното општинско училиште „Гоце Делчев “Валандово за 2026 година**

**1. СЕ ДАВА СОГЛАСНОСТ** на Годишниот план за вработување на Средното општинско училиште „Гоце Делчев “Валандово за 2026 година, бр.0102-148/1 од 25.04.2025 година.

**2.** Заклучокот влегува во сила од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Валандово“.

Бр.08-75/6 Совет на Општина Валандово
30.05.2025 год. Претседател
Валандово Владимир Марков

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/2002 и „Службен весник на РСМ“ бр.202/2024 ) и член 50 став 3, во врска со член 37, став 1 од Статутот на Општина Валандово, Градоначалникот на Општина Валандово, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**за објавување на Програма за дополнување на Програмата за урбанистичко планирање на Општина Валандово за 2025 година**

**СЕ ОБЈАВУВА** Програма за дополнување на Програмата за урбанистичко планирање на Општина Валандово за 2025 година, што Советот на Општина Валандово ја донесе на четириесет и шестата редовна седница, одржана на ден 30.05.2025 година.

Бр.09-759/14 Градоначалник
02.06.2025 год. на Општина Валандово
Валандово Перо Костадинов

Врз основа на член 40 став 1 во врска со член 39 став 5 од Законот за урбанистичко планирање (“Службен весник на РСМ” бр.32/20,111/23, и 171/24) член 22, став 1, точка 1 и член 62 од Законот за локална самоуправа (“Службен весник на РМ” бр. 5/2002” и „Службен весник на РСМ“ бр.202/24), член 15, став 1, точка 1 и член 45 од Статутот на Општина Валандово и точка Г од Програмата за урбанистичко планирање на Општина Валандово за 2025 година бр.08-161-10 од 23.12.2025 година („Сл.гласник на

Општина Валандово бр.12/24), Советот на Општина Валандово на четириесет и шестата редовна седница, одржана на ден 30.05.2025 година, донесе

**П Р О Г Р А М А**

**за дополнување на Програмата за урбанистичко планирање на Општина Валандово за 2025 година**

**Член 1**

Во Програмата за урбанистичко планирање на Општина Валандово за 2025 година, по точка Г се додава нова подточка Г1, која гласи:

„Г1: Се започнува постапка за донесување на урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за објекти со намена Г 5.1- Одгледување на животни: Штали за ситни грла- перната живина на КП 3849, КП 3855/1, КП 3855/2, КО КП 3860/1, КП 3860/2, КП 3866, КП 3867/1, КП 3867/2, КП 3869/2, КП 3869/3, КП 3870, КП 3874, и КП 3871, КО Валандово, Општина Валандово, согласно член 58 став 6 ("Службен весник на РСМ" бр.32/20,111/23, и 171/24), поднесена од Друштво за производство трговија и услуги АГРИПРО ГРУП Дооел Скопје.

Финансирањето на изработката на урбанистичкиот проект вон опфат на урбанистички план за објекти со намена Г 5.1- Одгледување на животни: Штали за ситни грла- перната живина на КП 3849, КП 3855/1, КП 3855/2, КО КП 3860/1, КП 3860/2, КП 3866, КП 3867/1, КП 3867/2, КП 3869/2, КП 3869/3, КП 3870, КП 3874, и КП 3871, КО Валандово, Општина Валандово, согласно член 58 став 6 ("Службен весник на РСМ" бр.32/20,111/23, и 171/24), поднесена од Друштво за производство трговија и услуги АГРИПРО ГРУП Дооел Скопје со сите потребни пропратни елаборати и дозволи паѓаат на товар на подносителот на иницијативата за изработка на урбанистичкиот проект вон опфат на урбанистички план за објекти со намена Г 5.1.- Одгледување на животни: Штали за ситни грла- перната живина.

**Член 2**

Програмата влегува во сила од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Валандово".

Бр.08-75/14 Совет на Општина Валандово
30.05.2025 год. Претседател
Валандово Владимир Марков